У П А Т С Т В О
за регистрирање/пријавување за учество
на Е-Обука на Про Агенс

РЕГИСТРАЦИЈАТА/ПРИЈАВУВАЊЕТО се врши преку www.proagens.mk

1 - Регистрирање / Пријавување

Во функција на следење на онлајн обука на Про Агенс најпрво извршете регистрација.

Формата за регистрацијата ги содржи сите потребни информации со кои се врши евиденција на вашето е-присуство.

Преку линкот https://proagens.mk/registracija-on-line-sovetuvanje/ „Регистрација за Е-Обуки“, пополнете ги сите полиња и потврдете ја регистрацијата/пријавата со кликнување на полето најдолу ПРИЈАВИ СЕ.

ВАЖНО: Со една е-маил адреса може да се регистрира/пријави еден учесник/слушател.

Секој следен што ќе се пријави со истата е-маил адреса нема да се смета за уредно регистриран/пријавен учесник/слушател!

2 - Податоци за најава

По извршеното регистрирање/пријавување ќе Ви бидат испратени податоци за најавување на е-обуката на пријавената е-маил адреса која сте ја внеле при регистрацијата, како и про-фактура по која задолжително треба да извршите уплата два дена пред почетокот на е-обуката.

По извршената регистрација ќе добиете е-маил пораки (секогаш вршете проверка на Вашето спам сандаче доколку не сте ги добиле е-маил пораките), со Вашите податоци кои сте ги внеле при регистрацијата и порака која содржи информации за најава кон Вашиот кориснички профил.

3 - Евиденција и издавање Потврда на барање на учесник

Про Агенс ќе обезбеди уредна евиденција за следење на Обуката.

На барање на учесниците, Про Агенс ќе издаде Потврда за присуство на Обуката.

Учесниците кои ќе побараат ќе добијат Потврда за посетување на Обука за спречување на перење пари во организација на Про Агенс.

Скопје, октомври 2020 година

Про Агенс